Алкалоид АД Скопје

Бизнис план за 2018 година - резиме

Декември 2017

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

За Алкалоид

АЛКАЛОИД АД Скопје е компанија која осум децении работи на производство на лекови, преработка на билни суровини, производство на козметички и хемиски производи. Нашата организациска поставеност одговара на потребите на нашите корисници, поради што нашето акционерско друштво е составено од два профитни центри:

- Фармација и
- Хемија, Козметика и Билкарство.

Групацијата Алкалоид е составена од две подружници во земјата како и 16 подружници и 3 претставништва надвор од Македонија односно во Србија, Црна Гора, Косово, Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, Швајцарија, Бугарија, Турција, Украина, Русија и САД. Компанијата има 1.472 вработени во земјата и 355 вработени во подружниците и претставништвата надвор од Македонија.



Аспирации и вредности

Ние сме посветени на постојан развој и затоа поставивме курс да го глобализираме нашето име. Нашата цел е обезбедување конзистентност и подобрување на бизнис-перформансите преку одржување, односно зајакнување, на позициите на актуелните пазари и разумно проширување во нови пазари.

Визија

Нашата визија е да се развиваме како извозно ориентирана фармацевтска компанија со стабилна пазарна позиција, отворена кон нови пазари и кон нови партнерства, како компанија која произведува и пласира генерички лекови со највисок квалитет, применувајќи најсовремени производствени технологии и деловни стандарди.

Мисија

Нашата мисија е постојано тежнеење кон поздрав свет, супериорен квалитет на производи и на услуги, но и кон професионалност и успешност во деловните операции.

Императив

Наш императив е заштитата на интересите на вработените, потрошувачите, акционерите и на деловните партнери, а основната определба е **ЗДРАВЈЕТО ПРЕД СÈ.**

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ

Бизнис план за 2018

Бизнис планот за 2018 година е базиран на:

- Реалните очекувања, проекции и можности на тековните и новите пазари и производи;
- Политиките за управување со ризик;
- Зголемувањето на ефикасноста на сопствените ресурси.

Согласно стратешката определба, Алкалоид и во 2018 година ќе продолжи по курсот на развојот, ќе продолжи да инвестира во производствените капацитети и во современите технологии, во човечките ресурси и во заедницата воопшто.

Бизнис планот за 2018 година предвидува инвестирање на околу 10% од консолидираните продажби во материјални и нематеријални средства од сопствени извори, раст од најмалку 7% на консолидираните продажби во однос на очекуваните за 2017 година како и раст од најмалку 7% на консолидираниот профит пред оданочување во однос на очекуваниот за 2017 година.

Сегментарно по Профитни центри, 84% од консолидираните продажби се очекува да ги реализира ПЦ Фармација, а 16% ПЦ Хемија Козметика Билкарство.

Се очекува 37% од консолидираните продажби да бидат остварени на домашен пазар додека 63% од извоз.

- Прв приоритет и понатаму останува регионот;
- Втор приоритет се земјите од ЕУ, САД, Русија и земјите од ЗНД;
- Трет приоритет се останатите пазари.

Бизнис планот на Компанијата за 2018 година е донесен со одлука на Управниот Одбор на Алкалоид АД Скопје на седницата одржана на 27.12.2017 година.

Клучни показатели од работењето:

Консолидирани (во 000 ЕУР)	2016	2017 проекција*	2018 ПЛАН
Приходи од продажби	134.634	**144.000**	**153.900**
ЕБИТДА (EBITDA)	21.047	**22.000**	**23.500**
Нето добивка	11.881	**12.600**	**13.500**

* прелиминарните проекции за 2017 година може да се разликуваат од конечните резултати